Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на ден од дневни настани 26.05.2021

Денеска(26.05.2021) во 00.20 часот во Гостивар, полициски службеници од Полициската станица Гостивар ги лишиле од слобода К.М.(31) и И.М.(32), двајата од Гостивар. При претрес во нивниот дом во Гостивар, извршен со судска наредба, полициски службеници пронашле и одзеле 17 пакувања со бела прашкаста материја.
Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.05.2021 во 22.00 часот на магистралниот пат Кичево-Гостивар, полициски службеници од ПС за БПС Кичево ги лишиле од слобода Г.Н.(26) од Велес и М.С.(32) од Скопје. При преглед во возилото „ауди" во кое се превезувале и при нивен личен преглед била пронајдена и одземена марихуана. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.05.2021 во 10.20 часот во СВР Штип, од Казнено поправната установа Затвор Штип било пријавено дека при претрес во собата од полуотвореното одделение во затворот, под креветот на осуденото лице О.О.(35) од Скопје биле пронајдени две паковки со прашкаста материја. Од страна на полициски службеници од СВР Штип била одземена прашкастата материја за понатамошна постапка. Се работи на расчистување на случајот.

На 25.05.2021 во 20.15 часот во Гостивар, полициски службеници од Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар, врз основа на судска наредба, го привеле Р.М.(57) од Гостивар, кој со потерница се барал за издржување на казна затвор. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа - Затвор Тетово за издржување на казната.

На 25.05.2021 во СВР Битола , З.Б.(55) од Битола пријавил дека на ул. „Силвески конгрес" во Битола, при вршење на поправки на улицата била пронајдена стара артилериска граната калибар 75 мм од Правта светска војна. Гранатата била безбедно подигната од страна на пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување.
На 25.05.2021 во 14.00 часот , полициски службеници од Полициската станица Гостивар, во гостиварско Чегране, поради основа на сомнение дека е сторител на кривични дела „кражба", извршени во реонот на Гостивар, од слобода бил лишен Б.С. (19) од гостиварско Чегране. Се работи на целосно расчистување и документирање на случајот, по шти ќе следи и соодветен поднесок.

На 25.05.2021, СВР Штип спроведе засилена акциска контрола во областа на сообраќајот, при што се изречени 47 мерки, меѓу кои 32 за управување возила со брзина поголема од дозволената, 8 за управување возило без возачка дозвола, 4 за нерегистрирано возило и 3 за користење сигурносен појас.

На 25.05.2021 во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје во соработка со инспектори од Трудов инспекторат извршиле контрола на градежен објект на ул.„Лазо Трповски" во Скопје, каде како подизведувач е фирма од с.Горно Свиларе, скопско, при што на местото на настанот биле затекнати и приведени Г.Л.(20) и Џ.К.(59), двајата од Р.Косово, бидејќи било констатирано дека немаат регулиран престој. Лицата биле предадени на полициски службеници од Полициската станица Бит Пазар и по документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.05.2021 околу 20.00 часот на ул.„Христо Узунов" во Виница, патничко моторно возило „опел агила" со винички регистарски ознаки, управувано од С.Ј.(19) од Виница, удрило во малолетен пешак од Виница. Пешакот бил пренесен во Јавна здравствена установа Кочани каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Полициската станица Виница.

На 25.05.2021 околу 18.40 часот на ул.„Ѓорги Димитров" во Велес, малолетник од Велес управувајќи велосипед изгубил контрола и удрил во потпорен ѕид. Во Општата болница Велес му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Велес.

На 25.05.2021 во 19.30 часот во СВР Скопје, З.К.(38) од Скопје пријавила дека на ул.„Трнодол" нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Г.Б.(57) и В.Б.(58), двајата од охридското село Велестово поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „бесправно градење" и „симнување или оштетување на службен печат или знак". Пријавените, во текот на 2021 година на катарстарска парцела во селото, без дозвола и одобрение од надлежен орган, започнале градба на станбен објект. По извршениот инспекциски надзор, овластен градежен инспектор донел решение за отстранување на градбата, а на градилиштето поставил службена лента за негово затворање. Пријавените, неовластено и незаконски ја отстранале лентата по што продолжиле со градежните активности.

СВР Велес поднесе кривична пријава против А.Н. од Велес поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги,психотропни супстанции и прекурсори". На 30.11.2020, при извршен претрес во домот на пријавениот, бил пронајден и одземен хероин.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против К.Т.(39) од Италија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори ". На 17.05.2021 околу 15.00 часот, при влез во РСМ, полициски службеници на Граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје", при преглед на личен багаж на пријавениот, пронашле и одзеле марихуана, хашиш и хашиш масло.

СВР Велес поднесе кривична пријава против С.Д.(27) од Неготино поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем" и „кражба". Пријавениот, на 04.05.2021 од патничко возило паркирано во двор на ул.„Ѓорѓи Димитров Вешката" во Неготино одзел паричник, по што платежните картички од паричникот ги искористил за плаќање во продавен објект во Неготино со што се стекнал со противправна материјална корист од 210.500 денари.

На 24.05.2021 околу 21.00 часот во Полициската станица Прилеп, Ф.В.(47) од с.Крушевја, прилепско, пријавил дека неговиот сосед П.Т.(61) од Скопје, кој престојува во с.Крушевја, со огнено оружје го усмртил неговото куче, по што го фрлил на непозната локација во атарот на селото. По извршениот увид биле пронајдени две чаури, а во разговор со полициски службеници П.Т. изјавил дека со два истрела го усмртил кучето на Ф.В. а потоа го фрлил надвор од населено место. Тој го предал користеното огнено оружје, автоматска пушка марка „Заставa М 72", кое го поседувал без дозвола. По документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава,

На 25.05.2021 околу 17.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во дуќан на ул.„Цветан Димов", сопственост на А.Р.(32), кој се проширил и на соседните локали, сопственост на А.Р.(33), А.Р.(47), во угостителски објект сопственост на Х.А.(47) и куќа сопственост на А.Ч.(56). Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а при обид да го гаснат пожарот со повреди се здобиле А.Р. и неговиот татко С.Р., констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Увид бил извршен.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против М.Ј.(23) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 28.09.2020 во Прилеп, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило кое го управувал пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против В.Н.(43) од с.Желино, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „затајување". На 06.08.2020, пријавениот во Тетово со усмен договор купил патничко возило „тојота" од К.М.(65) од Скопје, со кој бил должен до 31.12.2020 година да го исплати наведеното возило и да го префрли на негово име. Пријавениот не се придржувал на усмениот договор, препродавајќи го возилото на друго лице.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Б.(18) од с.Пирок, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на лични податоци". Пријавениот креирал лажен профил на социјалната мрежа „Snapchat" на кој поставил фотографии од оштетената 19-годишна девојка од тетовско село, кои пак биле одземени од нејзиниот вистински профил.

На 25.05.2021 во 09.30 часот во Делчево, полициски службеници од Полициската станица Делчево ја привеле Г.Н.С.(41) од Бугарија поради постоење основано сомнение за сторен прекршок „незаконски престој" во Република Северна Македонија казниво по член 147 став 1 точка 2 од Законот за странци. Лицето било предадено на полициски службеници од ОВР-Делчево за понатамошна постапка.

На 25.05.2021 во 08.35 часот на ул.„Мајка Тереза" во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу мотоцикл сопственост на МВР и патничко моторно возило „шкода фабија" со скопски регистарски ознаки, управувано од Р.П.(37) од Скопје. Во незгодата, полициски службеник-мотоциклист се здобил со повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Увид бил извршен од екипа на СВР Скопје.

На 25.05.2021 во 00.30 часот во Полициската станица Гази Баба, Ј.С.(41) од Скопје пријавила дека од дома се оддалечил М.О.(16) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 25.05.2021 во 12.30 часот во СВР Скопје, М.С.(26) од с.Трубарево, скопско, пријавил дека околу 11.30 часот во с.Кадино, скопско, додека извршувал градежни работи на објект, по претходно недоразбирање бил физички нападнат од К.С.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.05.2021 во 03.30 часот во СВР Скопје, Љ.С.(35) од Скопје пријавил дека на 25.05.2021 околу 23.30 часот на подрачје на Ѓорче Петров неговиот син бил физички нападнат од О.Н., Ф.Н. и В.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
На 26.05.2021 во 03.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул. „Видое Смилевски Бато" настанал пожар во патничко моторно возило „мерцедес", сопственост на С.Ф.(61) од Скопје. Од пожарот делумно биле опожарени возила „форд фиеста",„шкода октавија" и „сеат кордоба". Увид бил извршен.
На 25.05.2021 во 14.57 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на ул.„Емил Зола" едно лице со закана да вработениот одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.